РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 1232/1
17 -03- 2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 29-та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-619/1 од 06.02.2025 година, против лицата: ------, ВД директор на -----, -----------, ВД директор на --------, ------, директор на ---------- и ----------, вработена во Народен музеј ------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК констатира повреда на член 56 став (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси од страна на службеното лице ------, директор на Народен Музеј ------. Во однос на лицето -------, ДКСК веќе постапуваше во друга постапка, а за другите лица ДКСК не најде дека има прекршување на одредби од истиот закон, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-619/1 од 06.02.2025 година, е оформен врз основа на пријава од непознат подносител во која се изнесуваат наводи за судир на интереси за повеќе лица избрани/именувани и вработени во различни институции во општина ----.

Имено, во пријавата се наведува дека за ново назначената директорка ----, ВД директор на -------- при назначувањето имало влијание нејзиниот сопруг ----------, директор на Народен музеј -----. Лицето ---------, ВД директорот на --------, брат на ------- вработена во општина -------, наведено е дека имала влијание врз неговото назначување. Понатаму, во пријавата е наведено дека за директор на Здравствениот дом е назначено лицето --------- кое е сестра на директорот во ---------, лицето -------- именувано во второстепена владина комисија сестра на -------- од Политичката партија

-------- и кандидат за пратеник и лицето -------- вработена во Народен музеј -----, сестра на --------, министер за култура и туризам. Според пријавителот сите наведени лица се во крвно сродство од прв степен и дека има непотизам помеѓу пријавените односно судир на интереси помеѓу службените лица.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, Државната комисија прибираше податоци и документација од релевантни институции, како и изврши проверка во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси и Централниот регистар на РСМ, по што ја утврди следната фактичка состојба:

Во врска со службените лица --------, В.Д директор на --------, --------', ---------и ----------- кои се именувани/избрани во наведените институции, нема докази дека било кое службено лице (нивно блиско лице) имало службена и фактичка можност да влијае врз процесот на изборот или вработувањето на тие лица бидејќи органите што ги спровеле постапките за истото, постапувале согласно применливите прописи и закони, утврдени со законски формирани комисии и нема индиции за пристрасност.

По извршената проверка во Административната алатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, Државната комисија утврди дека лицето -------, директор на Локалната институција ------- не ја известило Државната комисија за именувањето на неговата сопруга за вршење на функција В.Д. директор на Општинското основно училиште "--------.
Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето ------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог. Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваниот во законски определениот рок до ДКСК достави уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог.

Во однос на лицето ------ вработена во Локалната институција -----, ДКСК постапуваше во друга постапка по оформен предмет со бр. 09-2839/1 од 04.11.2024 година и беше донесена Одлука со бр. 09-200/5 од 25.02.2025 година со која беше запрена постапката бидејќи не беше утврдено прекршување на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси од страна на министерот за култура и туризам.

Имено, горе наведената ситуација во врска со сите пријавени лица не е предвидена како забрана со одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, односно не постои ограничување блиски лица на службени лица да бидат именувани/избрани или вработени во различна институција.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 10.03.2026 година одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. – член